# ПРОЦЕДУРА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

1. Во прво одделение се запишуваат деца што до крајот на календарската година ќе наполнат шест години.

2. По писмено барање на родителот/старателот и мислење од педагогот или психологот, детето може да се запише во прво одделение и ако наполни шест години до 31 јануари следната календарска година.

3. Запишувањето на детето во прво одделение, на барање на родителот/старателот, здравствена установа може да го одложи за една година ако утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

4. Децата во прво одделение се запишуваат во мај за следната учебна година.

5. При запишувањето на детето во прво одделение родителот/старателот е должен да достави потврда за примени задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадени од надлежна здравствена установа и извод од матична книга на родените за ученикот.

6. При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот/старателот потребно е да достави мислење/функционален профил од стручно тело за функционална проценка.

7. Доколку комисијата за запишување на ученици во прво одделение процени дека детето има одредени функционални тешкотии, а родителот/стрателот не доставил мислење/функционален профил од стручно тело за функционална проценка, во најдобар интерес на детето е да го упати родителот/старателот кај стручното тело за проценка, со цел да се добијат релевантни информации и насоки за потребните мерки за поддршка.

8. Комисијата за запишување во прво одделение ја формира директорот на училиштето составена од три члена комисија.

9. Запишувањето на децата во прво одделение го врши комисија составена од педагог психолог или специјален едукатор и рехабилитатор (како претставник од УИТ) и одделенски наставник.

10. Комисијата за запишување прави подготовка две недели пред да започне уписот, и тоа:
    – изготвува план за запишување на учениците (ден, време, просторија и дидактички материјал);
    – подготвува инструмент за набљудување на ученикот, прашалник за родителите/старателите, покана за родителот, барање за упис од друг реон, барање за упис на родени до 31 јануари, соопштение за упис на првачиња;

– остварува соработка со блиските претшколски установи и им доставува покани на родителите/старателите на децата од својот реон;
– истакнува соопштение за запишување на ученици во прво одделение на видни места во локалната заедница (градинка, здравствена установа, пошта, аптека и сл.);
– остварува соработка со надлежните служби на општината што водат евиденција на децата од реонот што се за запишување во прво одделение.

11. Првичната проценка која се одвива во училиштето се базира на различни извори и методи (разговор, набљудување на детето, базична проценка на функционалности – моторика, внимание и концентрација, прифаќање напори, комуникација, перцепции, емоционална состојба) со што се добиваат податоци за иницијалната состојба во поглед на силните страни/потенцијали и потребите за поддршка на детето.

12. За поефикасно и посеопфатно собирање релевантни информации во насока на поквалитетна првична проценка и запознавање со детето, особено за децата со ПОП, УИТ и комисијата соработуваат со предучилишните установи и со родителот/старателот, кој треба да го донесе развојното досие за детето од градинката (доколку посетувало градинка).

13. Комисијата се грижи да воспостави контакти со родителите/старателите на децата кои припаѓаат на реонот на училиштето, а не се јавиле во законскиот рок за запишување на детето во прво одделение и да ги утврди причините за негово незапишување.

14. Запишувањето на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, го врши комисија формирана од директорот, а составена од педагог или психолог и два одделенски наставници.

15. Комисијата води евиденција за запишани ученици и му дава информација на директорот на училиштето, Просветниот инспекторат – МОН и општината.

16. За запишаните ученици училиштето истакнува список најдоцна до 15 јуни.

17. За незапишувањето, односно неподготвеноста на детето во училиште, комисијата писмено го известува родителот/старателот најдоцна до 15 јуни.

Изготвиле:

1. Маја Ѓорчевска Затуроска
2. Сања Шутиноска Величковиќ
3. Татјана Павловска-Деспотовска

Одобрил:

Директор
Соња Кирковска